

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 07/18

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 15.05-2018 година. Вторник-Бр.07, година XXII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Битола и Општините Новаци и Могила

1.Објавувам Одлука за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Битола и Општините Новаци и Могила, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/1
14.05.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај (IСлужбен весник на РМв бр. 68/04 и 127/06), член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (IСлужбен весник на РМв бр. 5/02) и член 21 и 46 од Статутот на Општина Новаци (IСлужбен гласник на Општина Новацив бр. 05/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 10.05.2018 г. донесе

О Д Л У К А
за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Битола и Општините Новаци и Могила

Член 1

Со оваа одлука се уредува заедничкото организирање на линискиот превоз на патници помеѓу Општина Битола и Општините Новаци и Могила (во натамошниот текст: општините).

Член 2

Заедничкото организирање на овој вид превоз, Општините ќе го регулираат со склучување на спогодба.

Со спогодбата ќе се уреди заедничкиот превоз на патниците, мрежата на линии, единствениот возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување, локација на автобуските стојалишта, нивно обележување, опремување, одржување и користење, тарифен систем и систем на наплата, критериуми и начин

за издавање и одземање на дозволата за вршење на превозот, критериуми за доделување на линиите на превозниците и распоредување на возните редови на превозниците од општините.

Член 3

Превозот на патници на подрачјето на овие општини ќе го врши правно лице кое ги исполнува пропишаните законски услови за овој вид на превоз, за што ќе добие лиценца, заверен возен ред и дозвола за линијата.

Член 4

Постапката за доделување на линиите на превозниците ќе ја спроведува Комисија составена од 7 (седум) члена, формирана од градоначалниците на Општините Битола, Могила и Новаци.

Член 5

Лиценцата за вршење на заеднички линиски превоз на патници, завереният возен ред и дозволата за линијата ќе ги издадат надлежните општински органи на општините низ кои минува линијата.

Член 6

Се овластува Градоначалникот на Општина Новаци да ја потпише спогодбата за заедничко организирање на линискиот превоз на патници со Општините Битола и Могила, согласно оваа одлука.

Член 7

Оваа Одлука ќе се применува по донесување на Одлуките за заедничко организирање на линискиот превоз на патници на подрачјето на Општините Новаци, Битола и Могила од страна на Советите на Општините Битола и Могила, односно по потпишувањето на Спогодбата од член 2 на оваа одлука.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-496/4 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

1. Објавувам Одлука за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/2 ОпштинаНоваци
14.05.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 18 од Законот за меоријални спомениц и спомен обележја (сл.весник на РМ бр.66/04) и член 46 и 21 точка 11 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/2002) , Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на 10-05-2018 година донесе

ОДЛУКА

за подигање на спомен плоча на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

Член 1

СЕ ОДОБРУВА подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

Одборот за подигање на спомен плоча е одговорно за реализација на иницијативата за подигање на спомен плочата.

За спроведување на постапката за подигање на спомен плоча ќе се грижи Одборот за подигање спомен плоча и Комисија за јавни набавки на општина Новаци

Член 2

Спомен плоча на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт ќе биди поставена на влезот во селото Брод, општина Новаци .

Во близина на локалитетот има скривница која потекнува од периодот на Прва светска војна. Овој објект се смета дека имал разни намени во овој период: се користела како прифатен центар или болница.

Член 3

Општина Новаци-Јавното Комунално Претпријатие ќе управува, ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

Член 4

Извор на средства за реализирање на иницијативата и средствата за подигање на спомен плоча на на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт. ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци, приватна донација и други извори.

Извор на средства потребни за чување на спомен плочата ќе биде од Буџетот на општина Новаци. **Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-496/5 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

1. Објавувам Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/3 ОпштинаНоваци
14.05.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 ста1 точка 38 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), член 18 од Законот за меоријални спомениц и спомен обележја (сл.весник на РМ бр.66/04) , Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.05.2018 година го донесе следната:

РЕШЕНИЕ

За именување на членови на Одбор за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

1.За членови на Одбор за подигање на спомен плоча на загинатите војници
во Прва светска војна на т.н Солунски фронт
СЕ ИМЕНУВААТ:

1.Наумче Смилевски -претседател
2.Слободе Ристевски
3.Стефан Каранфиловски
4.Благој Бежановски
5.Борис Христовски
6.Мирјана Хаџиевска
7.Лиљана Најдовска

2. За спроведување на постапката за подигање на спомен плоча се грижи одборот за подигање спомен плоча

3.Одборот ги врши следните работи:

-распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен плоча

-ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен плоча

- го следи извршувањето на одлуката за подигање на спомен плоча, и за тоа со извештај го известува Советот на општина Новаци

-стручните и административно техничките работи за Одборот ги врши службата на општина Новаци

4.Решението влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-496/6 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/4 ОпштинаНоваци
14.05.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 10.05.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.5 индивидуална куќа опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект изработен од ДООЕЛ нова 2006 со бр. 08-513/3 од 26,02,2018 година, изградена на **КП 229 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Златко Стојчевски од с. Далбеговци , со бр.Уп1 09- 10 од 02,03,2018 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-496/7 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект
во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/5 ОпштинаНоваци
14.05.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 10.05.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.1 индивидуална куќа опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект изработен од ДООЕЛ нова 2006 со бр. 08-501/3 од 26,02,2018 година, изградена на **КП 228 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Љупчо Стојчевски од с. Далбеговци , со бр.Уп1 09- 11 од 02,03,2018 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-496/8 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Далбеговци

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Далбеговци, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/6
14.05.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Далбеговци

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Далбеговци (пластично црево 1 цол до 500 м)

Составен дел на одлуката е и Барањето бр.03-480/1 од 03.05.2018 година.

Стручно лице од општина Новаци да ја утврди доолжината на пластичното црево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-496/9
10.05.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение Пелагонски културно-научни средби при општина Новаци с.Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства на Здружение Пелагонски културно-научни средби при општина Новаци с.Новаци, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/7 ОпштинаНоваци
14.05.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на средства
на Здружение Пелагонски културно-научни средби
при општина Новаци с.Новаци

Член 1

На Здружение Пелагонски културно-научни средби, при општина Новаци с.Новаци, му се одобруваат средства во износ од **5.000,00** денари, за печатење на Зборник бр.13.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Здружение Пелагонски културно-научни средби, при општина Новаци с.Новаци, на Жиро сметка:300060000021955 ,депонент Комерцијална банка-Скопје.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-496/10 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали
за Месна Заедница од с.Будимирци

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница од с.Будимирци, донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/8
14.05.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување набавка на градежни материјали
за Месна Заедница од с.Будимирци

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали за Месна Заедница од с.Будимирци во износ од **20.000,00 денари**, за санација на црквата Св.Никола.

Составен дел на одлуката е и Барањето бр.03-503/1 од 09.05.2018 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-496/11
10.05.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Убавка Вељановска с.Живојно

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Убавка Вељановска с.Живојно , донесено на седница на Совет на општинаНоваци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/9 ОпштинаНоваци
14.05.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10-05-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Убавка Вељановска с.Живојно

Член 1

На Убавка Вељановска с.Живојно , му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари,за лекување.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства да се достави извештај со содветна документација.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Убавка Вељановска с.Живојно ,
На Трансакциона сметка:290500007413639
ЕМБ:
Депонент:ТТК Банка

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-496/12 Совет на општина Новаци
10.05.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства
на Здружение за земјоделци „Современо Земјоделство„-Битола

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение за земјоделци „Современо Земјоделство„-Битола, донесено на седница на Совет на општинаНовраци, одржана на 10.05.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-510/10
14.05.2018 год.

ОпштинаНовраци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 10.05.2018 година, донесе

ОДЛУК А
за одобрување на финансиски средства на Здружение за земјоделци „Современо Земјоделство„-Битола

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства во износ од **20.000,00 денари**, на Здружение за земјоделци „Современо Земјоделство„-Битола,за организирање на работилница

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства да се достави извештај со содветна документација.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Здружение за земјоделци „Современо Земјоделство„-Битола

На жиро сметка:290000002041222
Депонент:ТТК Банка Скопје

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-496/13
10.05.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Битола и Општините Новаци и Могила

2.Заклучок за објавување Одлука за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

3.Заклучок за објавување Решение за именување на членови на Одбор за подигање на спомен плоча на загинатите војници во Прва светска војна на т.н Солунски фронт

4.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

5.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

6.Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Далбеговци

7.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение Пелагонски културно-научни средби при општина Новаци с.Новаци

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница од с.Будимирци

9.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Убавка Вељановска с.Живојно

10.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение за земјоделци ,,Современо Земјоделство,,-Битола

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци